РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 0201-234/6
07.02.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЗАПИСНИК**
**од 3-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 25.01.2024 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** Цветанка Митревска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Огнен Неделковски, Јетон Исмаили, Маја Дамевска.

**Други присутни:** Љупчо Златев од ТРД РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје, Илија Џингоски, полномошник на ТРД РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје и Васко Маглешов од Призма.

Г-дин Петрушевски ја отвори 3-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втори кат.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за", го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Образложение од ТРД РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје, за постапувањето на медиумот во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата.
2. Разно.

**Точка 1**

Г-дин Петрушевски објасни дека доколку до Советот се достави предлог за одземање на дозволата за радио или телевизиско емитување, Законот предвидува можност да се покани радиодифузерот за да даде образложение во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата. Бидејќи на седницата беше присутен претставник на ТРД РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје, му даде збор за изјаснување.

Полномошникот на Радио Хит ФМ Илија Џингоски објасни дека од страна на Агенцијата добиле известување дека е покрената постапка за одземање на дозволата.

Согласно законските одредби радиото требаше да пријави четворица вработени во радиото, меѓутоа сметката на трговското радиодифузно друштво Радио Хит ФМ ДООЕЛ Скопје во овој момент е блокирана и се прават напори да се одблокира. Наведе дека согласно Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, радиото треба да пријави 4 вработени во редовен работен однос и за таа намена направени се огласи за вработување кои со себе ги има на увид. Г-дин Цингоски од Советот побара 10 до 15 дена одложување на постапката за да ги исполнат сите потребни услови, за да од 1 февруари започнат со работа, да ги пријават лицата во редовен работен однос и да се одблокира сметката на радиото.

Г-дин Петрушевски објасни дека на оваа седница Советот не носи конкретна одлука дали дозволата ќе се одземе или не, тоа ќе се направи на 4-та седница која следи по завршувањето на оваа. Посочи дека од кога стапи на сила Одлуката на Уставниот суд во врска со измените на Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, ова е 5-ти или 6-ти медиум кој се откажал заради неисполнување на минималните кадровски услови. Рече дека нема да ја коментира таа Одлука, но последиците се видливи за сите. Во овој случај претставникот на Радио Хит ФМ од Скопје се изјаснил дека сака да продолжи со работа и во иднина, но рече дека до сега Советот немал ваков случај. Потенцира дека Советот секогаш внимава да има ист однос кон сите медиуми почитувајќи го доследно Законот.

Г-дин Трајчев рече дека радиодифузерот дал свои аргументи и побара од стручната служба да објасни дали воопшто има законска основа да се одложи постапката?

Г-дин Трајчевски објасни дека до сега ваков случај немало. Информира дека Агенцијата се обидуваше да комуницира со радиото од јуни 2023 година меѓутоа од нивна страна немало никакви повратни сигнали. Му се обрати на претставникот на радиото и му рече дека сето ова што го изнел на седницата можел да го направи уште пред 15 дена, од кога го добиле Известувањето за покренување постапка. Во врска со одложување на постапката објасни дека теоретски постојат две опции. Првата е Советот да донесе одлука да се одземе дозволата, радиото потоа ќе престане да емитува програма, во меѓувреме ќе ги вработи потребните лица, и со тужба пред Управен суд во рок од 30 дена ќе побара да му се врати дозволата. Оваа опција во минатото ја користеле повеќе радиодифузери кога им била одземена дозволата заради непочитување на законските обврски. Втората опција е Советот да донесе одлука да се запре постапката, но претходно мора официјално да се достават документите за да се види дека е така како што говорел претставникот, да може Советот да ги прегледа и потоа да одлучи. Исто така во Барањето за одложување на постапката да се побара конкретен рок до кога сметаат дека треба да се одложи за да се исполнат минималните кадровски услови.

Г-дин Петрушевски побара одговор од службата, дали има законска можност да се одложи постапката и за колку дена, за да може Советот да донесе одлука?

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска, објасни дека во Законот е наведено дека Советот ќе одлучува во рок од 15 дена од денот на приемот на предлогот на директорот. Предлогот е примен на 12 јануари, а рокот истекува на 27 јануари 2024г., сабота, кој се префрла во првиот

нареден работен ден односно понеделник. До тогаш може да се одложи постапката, а потоа Советот треба да донесе одлука.

Г-дин Петрушевски рече дека неофицијално ќе предложи одлучувањето на Советот по однос на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување да биде до понеделник, 29 јануари 2024г.

Г-дин Трајчевски додаде дека адвокатот на радиото треба претходно сето тоа што го кажал на седница, да го приложи како документи преку архива или на официјалната електронска пошта на Агенцијата, и Советот во понеделник да се произнесе.

Г-дин Трајчев рече дека ќе даде едно дообјаснување. Наведе дека лицата можат да се пријават како вработени во радиото без оглед на блокираната сметка на трговското радиодифузно друштво, односно тоа не претставува пречка за нови вработувања. Доколку лицата не бидат пријавени во понеделник, тогаш Советот ќе мора да ја одземе дозволата. Потоа радиото ќе мора да оди со тужба до Управен суд за да ја врати дозволата. Посочи дека во понеделник најдоцна треба да се пријават 4 лица за вработени и тоа уредно да се достави до Агенцијата и Советот, за да не се одземе дозволата.

Г-дин Фиданоски рече дека се согласува со ставот на г-дин Трајчев, односно дека до понеделник може да се одложи постапувањето на Советот, но доколку е можно уште денес претставникот на радиодифузерот да ги достави сите потребни документите што ги кажал вербално во дискусијата до Советот, за да може навремено да ги разгледаат.

Г-дин Петрушевски најави дека точката ќе ја одложи за понеделник.

**Точка 2**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**